# СОДРЖИНА


*ТРГОВИЈА И ДДВ*

- **Интервентни мерки во трговијата и снабдувањето со енергенси и храна....................................5**

*НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

- **Пресметка на платата кај самостојни вршители на дејност.......................................19**

*ДАНОК НА ДОХОД*

- **Пресметување и плаќање на месечни аконтации на данокот на доход од самостојна дејност во 2022 година кај самостојните вршители на дејност...........32**

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- **Здруженија и фондации....................................................38**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Плати за месец Март 2022 година…......................................50**

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- **Валоризациони коефициенти за пресметување на платите од поранешните години за утврдување на пензиска основа на ниво на платите од 2021 година, за пензиите остварени во 2022 година………………………..…...71**
- **Коефициент на МДБ за Февруари 2022 година….................76**
- **Коефициент на пораст на цените за Февруари 2022….........77**
- **Цени на гориво……………….....................................................79**
- **Референтна каматна стапка за период од 01.01 до 30.06.2022 година...............................................91**
- **Курсни листи ...............................................................93**
- **Рокови за поднесување во Март 2022 година ……………..101**

***ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*..........................................104**

# ТРГОВИЈА И ДДВ

*дипл.економист Ромео Костадинов*

## *ИНТЕРВЕНТНИ МЕРКИ ВО ТРГОВИЈАТА И СНАБДУВАЊЕТО СО ЕНЕРГЕНСИ И ХРАНА*

***Промени во регулативата за ДДВ, трговски маржи и оперативни трошоци предизвикани од нарушувањата на светскиот пазар на енергенси и прехранбени производи се извршени за елиминирање на штетните последици за населението и корисниците правни лица.***

### *ВОВЕД*

Со нарушувањата на воспоставената рамнотежа во сферата на глобалните трговски односи, предизвикани со рестрикциите поради COVID-19 и воениот конфликт на европско тло, се пристапи кон нормативно регулирање на пазарот и пазарните механизми, односно цените на одредени производи.

Зафаќањата во сферата на пазарот и пазарните механизми се изврши на 2 полиња, преку фискалната област и преку директно ограничување на понудата и побарувачката.

Во фискалната сфера со намалување или целосно ослободување од акциза и ДДВ, се направи обид за влијание врз цените на енергенсите и основните прехранбени артикли за нивно стабилизирање, замрзнување, односно намалување.

Вториот директен зафат за замрзнување на цените, намалување на одредени маржи или нивно фиксирање, требаше да оневозможи поголеми шпекулативни зафати од трговски карактер и стабилизирање на понудата / побарувачката на соодветните артикли.

## *1. ИЗМЕНИ ВО РЕГУЛАТИВАТА ЗА ДДВ ЗА МЕСТОТО НА ПРОМЕТ*

Местото на промет од аспект на пресметувањето и плаќањето на ДДВ-то, се одредува спрема видот на прометот и географската положба на примателот / испраќачот.

Во поглед на трансферот на добрата, одредени промети се определуваат спрема местото на отпочнување на превозот, како и местото на монтажа, кога станува збор за фискални средства.

Прометот со енергенси преку системите на пренос и дистрибуција, како специфични видови на промет, се новозастапени во одредбите при определувањето на местото на промет, со последните измени.

Во Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" 44/99...198/18 и „Службен весник на РСМ" 98/19...163/21), со измени на членот 13, се допрецизираа одредбите со кои се дефинира и одредува местото на промет, од аспект на ДДВ.

Согласно одредбите од член 13 став 1 за место на прометот на добра, се смета:

1. Местото каде што доброто се наоѓа во времето на прометот, кога доброто не се превезува или испраќа;

2. Местото каде што доброто се наоѓа кога започнува превозот или испраќањето, во случај кога доброто се превезува или испраќа од страна на испорачателот, примателот или од страна на трето лице;

3. Местото каде што доброто се монтира или инсталира во случаите кога доброто се монтира или инсталира од страна на испорачателот или од друго лице во негово име;

4. Местото каде што оданочивиот трговец има седиште на стопанската дејност или подружница за кој се снабдува доброто или во отсуство на место или подружница, местото каде тој има своја постојана адреса или обично престојува/постојано живеалиште или престојувалиште во случај на промет со природен гас и електрична енергија преку систем за пренос и систем за дистрибуција, сместени во територијата на земјата или прометот со топлинска енергија или енергија за разладување преку мрежи за греење или разладување до оданочив трговец и

5. Местото каде што примателот на доброто ги користи добрата во случај на промет со природен гас и електрична енергија преку систем за пренос и систем за дистрибуција сместени во територијата на земјата или енергија за разладување преку мрежи за греење или разладување, којшто промет не е опфатен со одредбите од член 13 став 1 точка 4.

Оданочив трговец од член 13 став 1 точка 4 е лице регистрирано за цели на данокот на додадена вредност кое купува електрична енергија, природен гас, топлинска енергија или енергија за разладување, **заради натамошна продажба** и чија потрошувачка на таквата енергија за сопствени потреби е занемарлива.

Во случај кога целата или дел од електричната енергија, гасот, топлинската енергија или енергијата за разладување не се потроши од примателот на истата, непотрошените добра се сметаат дека се искористени и потрошени во местото каде што примателот на доброто има вистинско седиште или подружница, каде што се испорачани добрата. Доколку такво место не постои, примателот на добрата се смета дека ги користел и ги потрошил добрата во местото каде што тој има своја постојана адреса или престојува/постојано живеалиште или престојувалиште.

## *2. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДДВ ЗА ХРАНА ДО 31.05.2022*

По исклучок на одредбите од членовите 29 и 30 од Законот за ДДВ, во услови на големи природни непогоди или епидемии во РС Македонија, на прогласена воена состојба, на утврдено постоење на вонредна состојба или при одлука за постоење на кризна состојба, кога настанале или можат да настанат пореметувања во снабдувањето на населението или пореметувања во други области кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, пореметувања на домашниот пазар, поради недостаток на стоки, неопходно потребни за производство, преработка и за животот и здравјето на луѓето, како и во услови на потреба за обезбедување на производи и суровини, кои се од посебно стратешко значење за Република Северна Македонија, се ослободува од данок на додадена вредност, прометот на производи за човечка исхрана.

Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за Финансии, поблиску ги определува видот на добрата, кои ќе бидат ослободени од ДДВ како и временскиот

период на ослободувањето од плаќање на данокот на додадена вредност на добрата.

Со донесување на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на ослободување од плаќањето на ДДВ во земјата со право на одбивка на претходниот данок ("Службен весник на РСМ" 58/22 и 64/22), се реализира ослободувањето од ДДВ за одредени прехранбени артикли.

Одлуката стапи на сила на 17.03.2022 година, а ќе се применува до 31.03.2022 година.

### *3. ОДЛУКА ЗА ХРАНА ОСЛОБОДЕНА ОД ДДВ*

Врз основа на измените од Законот за ДДВ, Министерот за финансии со донесување на Одлуката за ослободување на одделни производи за човечка исхрана, ја затвори законската рамка за примена на ослободувањето од ДДВ.

Со одлуката поблиску се определува видот на производите за човечка исхрана, кои се ослободени од данокот на додадена вредност во земјата, со право на одбивка на претходниот данок, како и временскиот период на ослободувањето од плаќање на данокот на додадена вредност во услови на постоење на можност од настанување на пореметување во снабдувањето на населението.

Производите за човечка исхрана кои се ослободени од данокот на додадена вредност во земјата со право на одбивка на претходниот данок се распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

| **Реден број** | **Глава/тарифен број/подброј/ ознака** | **Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1 | 1905 90 30 00 | Леб без содржина на додаден мед, јајца, сирење или овошје и со содржина во сува состојба на шеќер не поголема од 5% по маса и на маснотии не поголема од 5% по маса |
| 2 | 1701 99 10 00 | Бел шеќер |
| 3 | Ex.1101 | Брашно од пченица или на полица<br>*тип 400 и тип 500 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | 1512 19 90 00 | Масло од сончоглед или шафраника и нивни фракции:<br>Друго: Друго |
| 5 | Ex.0401 20 | Млеко и павлака, неконцентрирани и без додаден шеќер и други материи за засладување:со содржина на маснотија што надминува 1% но не надминува 6% по маса<br>*кравјо млеко со маснотии од 2,8%, 3,2% и 3,5% |
| 6 | Глава 2 | Месо и други кланични производи за јадење |
| 7 | Ex. 1006 30 | Ориз полубланширан или полубланширан, полиран или неполиран или глазиран<br>* бел ориз |
| 8 | 0407 21 00 00 | Други свежи јајца од живина Gallus domesticus |

Субјектите кои на 17.03.2022 година, имаат залихи на прехранбени производи кои се предмет на ослободување од ДДВ согласно Одлуката, задолжително треба да извршат прекнижување и намалување на вредноста на залихите за вкалкулираниот ДДВ.

Намалувањето се врши доколку залихите во книговодствената евиденција се водат по продажни цени со вкалкулиран ДДВ.

Вредноста на конто 664 (п), се анулира на товар на контото 663 (д). По извршеното прокнижување ведноста на 664 (п) на 17.03.2022 година треба да изнесува “0” (нула) денари и понатамошно задолжување на 664 (п) не се врши се до последниот ден на примена на Одлуката, за залихите на стоките наведени во Одлуката.

### *4. ОСЛОБОДУВАЊА ПРИ УВОЗ*

Согласно одредбите од член 27 од Законот за ДДВ се ослободува од данок на додадена вредност, увозот на следните добра:

1) добра чиј промет е ослободен од данок на додадена вредност во земјата според членовите 23 и 24 точки 6, 7, 8 и член 24-г од законот за ДДВ;

2) добра кои во рамките на транзитна царинска постапка, се движат од едно до друго место во царинското подрачје на Република Македонија;

3) добра кои повторно се увезуваат во непроменета состојба, како при нивниот привремен извоз;

4) добра кои се увезуваат:

а) од страна на шефови на странски држави и претставници на шефови на странски држави во посебни мисии, како и членовите на нивната придружба, за нивни службени потреби и за лична употреба,

б) од страна на меѓународни и меѓудржавни организации со седиште во Република Македонија, односно нивни претставништва во Република Македонија, во време на вршење на својата дејност во Република Македонија, за нивни службени потреби,

в) од страна на дипломатски и конзуларни претставништва на странски држави во Република Македонија, за нивни службени потреби,

г) од страна на шефови на странски дипломатски претставништва во Република Македонија и членовите на нивните потесни семејства, за нивна лична употреба,

д) од страна на дипломатскиот персонал на странските дипломатски претставништва во Република Македонија и членовите на нивните потесни семејства, за нивна лична употреба,

ѓ) од страна на конзуларниот персонал на странските конзуларни претставништва во Република Македонија и членовите на нивните потесни семејства, за нивна лична употреба и

е) од страна на персоналот на странските дипломатски и конзуларни претставништва во Република Македонија, за предмети за домаќинство увезени во рок од 12 месеца од денот на нивното доаѓање во Република Македонија.

**5) Природен гас и електрична енергија преку систем за пренос.**

Ослободувањето од член 27 став 1 точка 4 не може да го користат државјани на Република Македонија, ниту странски државјани со одобрен постојан престој во Република Македонија.

За ослободување од данок на додадена вредност за добрата од член 27 став 1 точка 4 се применуваат царинските прописи со кои се одредуваат критериумите и начинот на спроведување на ослободување од увозни давачки како и видот, количината и намената на добрата, кои можат да се ослободат од увозните давачки.

Добрата кои се ослободени од ДДВ согласно член 27 став 1 точка 4 **не смеат во рок од три години,** од денот на увозот, **да се отуѓуваат**, без да се плати данокот на додадена вредност.

### *5. ПОВЛАСТЕНА ДДВ СТАПКА ПРИ УВОЗ НА ЕНЕРГЕНТИ ОД 10%*

По исклучок на одредбите од членот 29 од законот за ДДВ, во услови на големи природни непогоди или епидемии во РС Македонија, на прогласена воена состојба, на утврдено постоење на вонредна состојба или при одлука за постоење на кризна состојба, кога настанале или можат да настанат пореметувања во снабдувањето на населението или пореметувања во други области, кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, пореметувања на домашниот пазар поради недостаток на стоки, неопходно потребни за производство, преработка и за животот и здравјето на луѓето, како и во услови на потреба за обезбедување на производи и суровини, кои се од посебно стратешко значење за РС Македонија, повластената даночна стапка од 10% се применува врз прометот и увозот на енергенти.

Со измените на Законот за ДДВ, електричната енергија за домаќинствата продолжува да се оданочува со повластена ДДВ стапка од 5% до 31.12.2022 година.

Почнувајќи од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година, електричната енергија за домаќинствата, ќе се оданочува со повластена стапка од 10%.

### *6. НАМАЛЕНА ДДВ СТАПКА ОД 18 НА 10% ЗА ЕНЕРГЕНСИ*

Со Одлуката за определување на енергентите за кои се применува повластена даночна стапка од 10% поблиску се определуваат видот на енергентите и временскиот период на примена на повластената даночна стапка во услови на постоење на можност од настанување на пореметување во снабдувањето на населението.

Енергентите, за кои се применува повластената стапка на ДДВ од 10% се распоредени во следниветарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

| Реден број | Главен тарифен број/подброј /ознака | Наименување на стоките според Номенклатурата на Царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1 | 2710124500 | Со октански број (RON) од 95 или поголем, но помал од 98 |
| 2 | 2710124900 | Со октански број (RON) од 98 или поголем |
| 3 | 2710194300 | Со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса |
| 4 | 2710194600 | Со содржина на сулфур што надминува 0,001% по маса, но не надминува 0,002% по маса |
| 5 | 2710194700 | Со содржина на сулфур што надминува 0,002% по маса, но не надминува 0,1% по маса |
| 6 | 2710194800 | Со содржина на сулфур што не надминува 0,1% по маса |
| 7 | 2710201100 | Гасни масла: со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса |
| 8 | 2710201600 | Гасни масла: со содржина на сулфур што надминува 0,001% по маса, но не надминува 0,1% по маса |
| 9 | 2710201900 | Гасни масла: со содржина на сулфур што не надминува 0,1% по маса |
| 10 | 2711121100 | За употреба како погонско или енергетско гориво |
| 11 | 2711129400 | Нафтени гасови и други гасовити јаглеводороди: со чистота што надминува 90%, но помала од 99% |
| 12 | 2711129700 | Нафтени гасови и други гасовити јаглеводороди:<br>- Друго |
| 13 | 2711139100 | За други намени: Со чистота што надминува од 90%, нопомала од 95% |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | 2711139700 | - Друго |
| 15 | 2711190000 | - Друго |
| 16 | 2711290000 | Во гасовита состојба: друго |

## *7. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТРГУВАЊЕ ОД 09.03 ДО 31.05.2022 ГОДИНА*

Вториот сет мерки за стабилизирање на понудата и побарувачката за одредени артикли од прехранбен вид, се применува за вообичаени прехранбени производи, кои имаат најголема застапеност во исхраната на населението.

Во "Службен весник на РС Македонија", 51/2022 година, се објави новата Одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки, **која стапува на сила на 9 март/2022 година.**

Со оваа одлука се определува највисоката трговска (профитна) маржа, како посебен услов во трговијата за следните стоки:

- леб бел и полубел (цел и сечен на парчиња);
- сончогледово масло за јадење (без ладно цедено масло);
- брашно од пченица – тип 400 и тип 500;
- шеќер бел конзумен;
- трајно кравјо млеко со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%;
- свежо месо;
- сувомеснати производи - салама (посебна и паризер од свинско, пилешко и говедско), виршли (пилешки, свински, јунешки) и колбаси (пилешки, свински и говедски) со додатоци во нив;
- сирење бело кравјо и сирење бело мешано кравјо и овчо;
- урда кравја;
- македонски ориз бел;
- јајца од кокошка и
- шпагети и макарони од мека и дурум пченица.

Највисоката трговска маржа за наведените стоки за сите трговски друштва и трговци поединци кои учествуваат во трговскиот ланец во трговијата на големо се утврдува во вкупен износ до 4% на продажната цена пресметана во трговијата на големо, односно во вкупен износ до 3% на продажната цена пресметана во трговијата на мало.

Производителите кои ги произведуваат стоките, се опфатени во трговскиот ланец на трговијата на големо и истите се во сетот од субјектите кои можат да продаваат со ограничена маржа.

Во продажната цена на трговијата на големо и трговијата на мало, се вклучени сите производствени и оперативни трошоци, кои јасно ќе бидат искажани при формирањето на продажната цена за наведените стоки.

За следните стоки:

- шеќер бел конзумен;
- трајно кравјо млеко со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%;
- свежо месо;
- сувомеснати производи - салама (посебна и паризер од свинско, пилешко и говедско), виршли (пилешки, свински, јунешки) и колбаси (пилешки, свински и говедски) со додатоци во нив;
- сирење бело кравјо и сирење бело мешано кравјо и овчо;
- урда кравја;
- македонски ориз бел;
- јајца од кокошка и
- шпагети и макарони од мека и дурум пченица;

се признаваат оперативни трошоци во висина **до 20%** од набавната цена во трговијата на големо, односно **до 15%** од набавната цена во трговијата на мало.“

Стоките утврдени со алинеите 1, 2 и 3:

- леб бел и полубел (цел и сечен на парчиња);
- сончогледово масло за јадење (без ладно цедено масло);
- брашно од пченица – тип 400 и тип 500;

ќе се продаваат во трговијата на мало по набавна цена, **без трговска (профитна) маржа**.

За наведените групи на стоки не се пресметува и одобрува рабат и надоместоци кои трговецот на мало ги наплаќа од трговецот на големо и тоа за рекламирање и за изложување на стоките на рафтови односно полици (примарни и секундарни позиции).

Заради усогласување со одредбите од Одлуката, се склучуваат анекси кон склучените годишни договори за продажба во трговскиот ланец помеѓу добавувачите (трговците на големо) и купувачите (трговците на мало), или се склучуваат нови договори.

Највисоката трговска (профитна) маржа на стоките ќе се применува до 31 мај 2022 година.

## *8. ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ И МАРЖА ВО ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО И МАЛО И НИВНО УТВРДУВАЊЕ*

Врз основа на Одлуката за ограничување и исклучување на маржата при промет на прехранбени производи во прометот од трговијата на големо и мало, идентификуваме 2 типа на производи/стоки, кои можат да се продаваат со маржа и една група на производи во трговија на мало, без трговска маржа.

1. Производи и стоки **без маржа во трговија на мало од 09.03.2022 и ДДВ од 17.03.2022 година (проширена листа од 01.04.2022 за тип 500).**

1. леб бел и полубел (цел и сечен на парчиња);

2. сончогледово масло за јадење (без ладно цедено масло);

3. брашно од пченица – тип 400 и тип 500;

Стоките утврдени во точките 1, 2 и 3 (од член 1 став 1 алинеи 1, 2 и 3 од Одлуката), ќе се продаваат во трговијата на мало по набавна цена, без трговска (профитна) маржа.

Продажна цена = Набавна цена

2. Производи и стоки во **трговијата на мало** кои се продаваат со ограничена највисока **вкупна трговска (профитна) маржа од 3% од 09.03.2022 година, со вклучени производствени и максимум 15% оперативни трошоци.**

1. шеќер бел конзумен;
2. трајно кравјо млеко со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%;
3. свежо месо;
4. сувомеснати производи – салама (посебна и паризер од свинско, пилешко и говедско), виршли (пилешки, свински, јунешки) и колбаси (пилешки, свински и говедски) со додатоци во нив;
5. сирење бело кравјо и сирење бело мешано кравјо и овчо;
6. урда кравја;
7. македонски ориз бел; 8 - јајца од кокошка и
9. шпагети и макарони од мека и дурум пченица.

**Пресметка на маржа:**

(Продажна цена - ДДВ) х 3% = вкупна профитна маржа;

Продажна (цена) = Набавна цена + Оперативни трошоци + Маржа + ДДВ

**Пресметка на маржа**

Маржа = Продажна цена х 3%
Оперативни трошоци = Набавна вредност (цена) х 15% максимум

Продажна цена = Набавна цена + Оперативни трошоци + Маржа + ДДВ

3. Производи и стоки во **трговијата на големо** кои се продаваат со ограничена највисока **вкупна трговска (профитна) маржа од 4% од 09.03.2022 година, со вклучени производствени и оперативни трошоци (максимум 20% оперативни трошоци од 01.04.2022 година).**

Трговскиот ланец на **трговијата на големо** ги вклучува сите трговски друштва и трговци поединци и производителите кои ги произведуваат стоките, кои се предмет на промет и се опфатени со Одлуката, за следните:

1. леб бел и полубел (цел и сечен на парчиња);
2. сончогледово масло за јадење (без ладно цедено масло);
3. брашно од пченица – тип 400 и тип 500;

4. шеќер бел конзумен;
5. трајно кравјо млеко со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%;
6. свежо месо;
7. сувомеснати производи – салама (посебна и пари зер од свинско, пилешко и говедско), виршли (пилешки, свински, јунешки) и колбаси (пилешки, свински и говедски) со додатоци во нив;
8. сирење бело кравјо и сирење бело мешано кравјо и овчо;
9. урда кравја;
10. македонски ориз бел;
11. јајца од кокошка и
12. шпагети и макарони од мека и дурум пченица.

**Пресметка на маржа:**

(Продажна цена - ДДВ) х 4% = вкупна профитна маржа

**Пресметка на продажна цена:**

Маржа = (Продажна цена - ДДВ) х 4% Оперативни трошоци = Набавна цена х 20% максимум

### *8.1. Утврдување на оперативните трошоци*

По утврдувањето на максималниот износ на признати оперативни трошоци, се пристапува кон пресметка на оперативните реални трошоци, кои треба да се додадат на набавната цена и маржата (за дозволените стоки), за да се формира продажната цена и вредност.

**Пресметка на маржа:**

(Продажна цена - ДДВ) х 4% = вкупна профитна маржа;

Продажна (цена) = Набавна цена + Оперативни трошоци + Маржа + ДДВ:

Набавна (цена) вредност = Трошоци за набавка;

Оперативни трошоци = трошоците за плата на продажно комерцијален сектор, трошоците за струја, вода и други комунални услуги за продажните објекти.

**Утврдување на оперативни трошоци:**

Збир на оперативни трошоци за претходен месец
%ОТ = ------------------------------------------
Вкупна набавна вредност на залихи

ОТ = Набавна вредност на залиха (на маржирани артикли) x %ОТ

**Пресметана стапка на 4% = 3,8462%**

**Пример:** Правниот субјект за месец Февруари 2022 година има утврдено вкупни оперативни трошоци од 2.700.000 МКД. Вредноста на стоките расположиви за продажба за месец февруари се утврдени од почетните залихи на 01.02.2022 со додавање на вкупно набавените стоки од 01.02 до 28.02.2022 (54.000.000 почетни залихи + 111.000.000 новонабавени стоки = 165.000.000 расположиви залихи за продажба во месец февруари.

ОТ за II 2022
%ОТ = -------------------------- x 100
Залихи за II 2022

27.000.000
%ОТ =-------------------- -x 100
165.000.000

= 0.1636 x 100 = 16,36%

Доколку трговецот врши трговска дејност трговија на мало максималниот процент на ОТ кој може да го земе при утврдување на стоките изнесува 15% (бидејќи неговиот процент од 16,36% е повисок од максимално дозволениот.

Кај трговецот на големо 16,36% се дозволените ОТ за вкалкулирање во цените на стоките.

Процентот се применува на набавната вредност на артиклите кои се во групата на максимирани признаени оперативни трошоци.

# НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА

*дипл.економист Јулија Минковска*

## *ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТАТА КАЈ САМОСТОЈНИ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ*

***Пресметка на платата кај самостојните вршители на дејност се врши согласно Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РСМ" 241/18; 275/19; 290/20; 85/21), Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РСМ" 142/08...120/18; 247/18), Законот за работни односи ("Службен весник на РСМ" 62/05...267/20; 151/21; 288/21) и други подзаконски акти.***

### *ВОВЕД*

Самовработено лице е физичко лице кое врши самостојна економска дејност или професионална и друга интелектуална услуга, од која остварува доход.

***Под доход од самостојна дејност***, се смета доходот остварен од:

- **Стопанска дејност** во кој се подразбира доход од (***производна, услужна, трговска, угостителска, превозничка и друга слична дејноост).***
- **Професионални и други интелектуални услуги** во кој се подрабира доход од (***здравствена, стоматолошка, ветеринарна, адвокатска, нотарска, консултантска, сметководствена, ревизорска, проценителска, инженериска, архитектонска, новинарска, спортска, културна и друга интелектуална дејност).***

- **Доход од земјоделска дејност** кој се подразбира доходот од (***производство, доработка, преработка и пласман на сопствени земјоделски производи, како и одгле-дување на добиток и други стопанско-корисни животни и плас-ман на нивните производи) и***
- ***Доход од други дејности, чија трајна цел е оства-рување на доход.***

## *1. ОБВРЗНИК И ОСНОВА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОК НА ДОХОД ОД САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ*

Согласно член 20 од Законот за Данок на личен доход, ***(во продолжение Законот),*** **Обврзник** на данокот на доход од самостојна дејност е:

- ***Трговец поединец;***
- ***Физичко лице кое врши земјоделска дејност;***
- ***Лице кое врши занаетчиска дејност и***
- **Лице кое врши услуги, кое остварува доход од вршење самостојна дејност.**

**НАПОМЕНА: Обврзникот на данокот на доход, се запишува во соодветен регистар за вршење дејност.**

Ако повеќе физички лица, остваруваат доход со заед-ничко вршење на дејност, секое од нив е обврзник на данокот на доход за делот од доходот, што му припаѓа, според Договорот за заедничко вршење на дејност.

Ако со договорот не е утврдено нивното учество, за ут-врдување на даночната основа, се смета дека доходот се дели на еднакви делови.

На висината на даночната обврска на физичкото лице за делот од доходот, нема влијание фактот дали доходот од заедничкото вршење на дејност е распределен или не.

**Основа за пресметување на данокот на доход** од самостојна дејност е ***разликата меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на обврзникот, зголемена за неприз-наените расходи за даночни цели.***

## *2. ОБВРЗНИЦИ ЗА ПЛАЌАЊЕ ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА КАЈ САМОСТОЈНИТЕ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ*

Согласно Законот за работни односи, самовработеното лице не остварува плата и не може да има статус како и останатите вработени кај него и ***затоа во Даночниот биланс платите за нив не претставуваат даночно признат расход.***

Доколку со МПИН пријавата, покрај за неговите вработени се исплаќа плата и за самостојниот вршител на дејност, ***истата е даночно непризнат расход***.

### *2.1. Обврзници за плаќање на придонеси*

Согласно член 7 став 1 точка 5, член 10 став 1 точка 3 и член 12 став 1 точка 1 од Законот за придонеси од социјално осигурување, ***САМОВРАБОТЕНОТО ЛИЦЕ ОБВРЗНИК ЗА ПЛАЌАЊЕ*** на придонес за:

- **Задолжително ПИО;**
- **Задолжително здравствено осигурување и**
- **Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување, во случај на повреда на работа и професионално заболување.**

**НАПОМЕНА: Самовработеното лице – Сопственикот (*физичко лице кое врши самостојна Економска или професионална и друга Интелектуална дејност*), не е обврзано за себе да пресметува и плаќа ПРИДОНЕС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ.**

Самостојниот вршител на дејност, **за своите вработени** лица, има обврска да плаќа придонес за:

- **Задолжително ПИО,**
- **Задолжително здравствено осигурување;**
- **Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување и**
- **Придонес за вработување.**

### *2.2. Обврзници за пресметка и уплата на придонеси*

Согласно член 13 став 1 точка 2 од Законот за придонеси од социјално осигурување, ***САМОВРАБОТЕНОТО ЛИЦЕ само за себе е ОБВРЗНИК ЗА ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА*** придонес за:

- **Задолжително ПИО;**
- **Задолжително здравствено осигурување и**
- **Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување.**

### *2.3. Основици за пресметување на придонеси*

#### 2.3.1. Основица за пресметка и плаќање на придонеси во ПРВАТА година на отпочнување на вршење на дејност

Согласно член 14 став 1 точка 14 алинеа 7 од Законот, **ОСНОВИЦА** за пресметка и плаќање на придонесите **за самостојните вршители** на економска дејност, како и вршителите на професионална и друга интелектуална дејност **до истекот на првата календарска година** во која започнале со вршење на дејност, претставува **50%** од просечно исплатената месечна плата по работник во Република Македонија, **објавена во јануари во тековната година**, која изнесува:

***21.755,00 денари (43.509,00 x 50%)***

**Наведената основица се применува од причина што во првата година на отпочнување на дејноста немаат податоци за остварениот месечен нето приход.**

Доколку вршителите на самостојна дејност ***започнале да ја вршат дејноста во 2022 година,*** придонесите за ПИО и здравство, ги плаќаат на следните основици:

- ***Самовработени лица–вршител на економска дејност*** (*занаетчии, таксисти и други*) ***21.755,00***
- ***Самовработени лица–вршител на професионална и друга интелектуална дејноист*** (*адвокати, нотари, извршители и други*) ***21.755,00***

**ПРИМЕР:** Самостоен вршител на дејност – **НОТАР,** отпочнал со вршење на дејност во **МАРТ/2022 година**.

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| **1. Најниска месечна основа за придонеси** | **21.755,00** |
| 2. Придонес за ПИО (21.755 x 18,8%) | 4.090,00 |
| 3. Придонес за здравство (21.755 x 7,5) | 1.632,00 |
| 4. Дополнително здравство (21.755 x 0,5) | 109,00 |
| **5. Вкупно придонеси** | **5.831,00** |

**НАПОМЕНА: На основица од 21.755,00 денари, самостојниот вршител на дејност, ќе плаќа Месечни аконтации заклучно со 31 Декември/2022 година.**

### 2.3.2. Основица за пресметување на придонес за пензиско и здравствено осигурување

Согласно член 14 став 1 точка 4 од Законот за придонеси, ***Основица*** за пресметка и плаќање на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување, претставува ***МЕСЕЧНАТА АКОНТАЦИЈА на НЕТО ПРИХОДОТ, односно на паушално утврдениот Нето приход на кој се плаќа данокот,*** кој се добива кога Основата за пресметување на данокот ***(износ искажан во р.бр. VI АОП – 28)** од Годишниот даночен биланс за Данок на доход – Образец „ДЛД - ДБ“*, од последната годишна сметка ***ќе се подели со месеците во кои работел*** вршителот на самостојна дејност.

### 2.3.2.1. Пресметка на придонеси кај самостоен вршител на економска дејност (*таксисти, занаетчии и други*)

***ПРИМЕР:*** Самостоен вршител на дејност – ***занаетчија,*** врз основа на Годишниот даночен биланс (***Образец ДЛД –ДБ)*** за 2021 на ***(АОП – 28), остварил нето приход од*** **200.000,00** денари.

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| 1. Нето приход (годишен) ***АОП – 28 од (ДЛД-ДБ)*** | 200.000,00 |
| 2. Месеци на работење во 2021 г. | 9 |
| 3. Месечна основа за придонеси (1:12 ) | 22.222,00 |
| **4. Најниска месечна основа за придонеси** | **21.755,00** |
| **5. Основа за пресметка на придонеси** | **22.222,00** |
| 6. Придонес за ПИО (22.222 x 18,8%) | 4.178,00 |
| 7. Придонес за здравство (22.222 x 7,5) | 1.667,00 |
| 8. Дополнително здравство (22.222 x 0,5) | 111,00 |
| **9. Вкупно придонеси (6 + 7 + 8)** | **5.956,00** |

### *2.3.2.1.1. ПОПОЛНУВАЊЕ на Образец МПИН – кај вршители на економска дејност*

Во Образецот **МПИН** за самовработеното лице, кое се занимава со економска дејност ***(таксисити, занаетчии и други),*** се внесуваат следните податоци:

- **На поле 1.4 –** ***Вид на обврзник*** за пресметка и уплата на придонеси се внесува:
  **Шифра 112 - С*амовработено лице кое врши самостојна економска дејност.***
- **Полињата 3.44, 3.45** и **3.46** за Данок на доход и за придонес за вработување ***не се пополнуваат.***
- **Во полето 3.31** – Ефективна плата за самовработено лице **се пополнува со нула (0)**, а во
- **Поле 3.17б** – Шифра за ослободување од плаќање на придонеси и данок на доход се внесува:

***Шифрата 001 - Обврзник самовработено лице, кој не е обврзник за плаќање на придонес за вработување и данок на доход)*** го пресметува и плаќа по Годишниот даночен биланс).

За вработените лица кај вршителот на економска дејност, работодавачот **пресметува и плаќа**:

- ✓ ***Придонес за Пензиско и инвалидско осигурување;***
- ✓ ***Придонес за здравствено осигурување;***
- ✓ ***Придонес за дополнително здравствствено осигурување;***
- ✓ ***Придонес за вработување и***
- ✓ ***Данок на доход.***

***Нето платата*** за исплата на вработените лица во “самовработеното лице“ се уредува со Правилникот за ис-плата на плати, кој е акт на работодавачот.

***За вработените кај самовработеното лице,*** **во поле 3.17** се внесува:

- **Шифрата 050 – Време поминато во работен однос со полно работно време)** и за истите се пресметуваат придонесите од задолжително социјално осигурување и Данок на личен доход.

**2.3.2.2. Пресметка на придонеси кај самостоен вршител на интелектуални услуги (*нотари, адвокати, извршители и други)***

***ПРИМЕР:*** Самостоен вршител на дејност – **АДВОКАТ,** врз основа на Годишниот даночен биланс (***Образец ДЛД –ДБ)*** за 2021 на ***(АОП – 28), остварил нето приход од*** **800.000,00** денари.

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| 1. Нето приход (годишен) ***АОП – 28 од (ДЛД-ДБ)*** | 800.000,00 |
| 2. Месеци на работење во 2021 г. | 12 |
| 3. Месечна основа за придонеси (1:12 ) | 66.667,00 |
| **4. Најниска месечна основа за придонеси** | **43.509,00** |
| **5. Основа за пресметка на придонеси** | **66.667,00** |
| 6. Придонес за ПИО (66.667 x 18,8%) | 12.533,00 |
| 7. Придонес за здравство (66.667 x 7,5) | 5.000,00 |
| 8. Дополнително здравство (66.667 x 0,5) | 333,00 |
| **9. Вкупно придонеси (6 + 7+ 8)** | **17.866,00** |

***1. ПОПОЛНУВАЊЕ на Образец МПИН – кај вршители на професионална и друга интелектуална услуга*** *(нотари, адвокати извршители и др.)*

Во Образецот МПИН за самовработеното лице, кое се занимава со ***професионална или друга интелектуална дејност*** во поле :

- **Во поле 1.4 – Вид на обврзник** за пресметка и уплата на придонеси се внесува шифра:
  **111 - Самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална дејност** ***(адвокати, нотари, извршители, сметководители и други).***

- **Полињата 3.44, 3.45** и **3.46** за Данок на доход и за придонес за вработување, ***не се пополнуваат,*** а во
- **Полето 3.31** – Ефективна плата за самовработено лице, ***се внесува нула (0),*** во
- **Поле 3.17б – Шифра за ослободување од плаќање придонеси** и данок се пополнува:

*Шифрата 001 -* Обврзник **самовработено лице, кој не е обврзник за плаќање на придонес за вработување и данок на доход,** го пресметува и плаќа **по Годишен даночен биланс.**

**За самовработеното лице**, кое се занимава со ***Интелектуална дејност*** и започнува со вршење на дејноста во тековната година***, во полето 3.17б – Шифра за ослободување од плаќање придонеси и данок, се внесува Шифра 060- самовработено лице (Интелектуална дејност), кое дејноста ја започнува во тековната година.***

**За вработените лица** кај вршителот на професионална и друга интелектуална услуга, работодавачот **пресметува и плаќа:**

- **Придонес за пензиско и инвалидско осигурување;**
- **Придонес за здравствено осигурување;**
- **Придонес за дополнително здравствтвено осигурување;**
- **Придонес за вработување и Данок на личен доход.**

**Нето платата** за вработените лица кај "***самовработеното лице***" се уредува со Правилникот за исплата на плати - **Акт на работодавачот.**

### 2.3.3. Најниска основица за пресметка и уплата на придонеси

Согласно член 15 став 1 од Законот за придонеси, ***НАЈНИСКА*** основица за пресметка на придонесите за самовработеното лице, кое што се занимава со **економска дејност** *(занаетчии, земјоделци, угостители и други)*, **не може да биде пониска од 50%** од просечна плата по работник во РС Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завот за статистика, која за 2022 година изнесува :

***21.755,00 денари (43.509,00 x 50%)***.

Додека за самовработено лице, кое врши професионална и друга интелектуална услуга ***(адвокати, нотари, извршители и други)***, ***основица за пресметување и плаќање на придонесите,*** односно основицата за осигурување за тековната година **не може да биде пониска** од просечната плата по работник во РС Македонија објавена во месец јануари во тековната година, која изнесува:

***43.509, 00 денари***

Доколку тој износ ***е помал*** од најниската основица за пресметување на придонесите, ***пресметката ќе се врши на износ од:***

- **21.755,00 денари,** за самовработеното лице кое што се занимава со економска дејност ***(занаетчии, земјоделци, угостители и други)***, **односно**
- **43.509,00 денари** за самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга ***(адвокати, нотари, извршители и други)***.

***2.3.3.1. Најниска основица за пресметка на придонеси кај самовработено лице кое врши економска дејност*** *(таксисти, занаетчии и други)*

***ПРИМЕР:*** Самостоен вршител на дејност – ***занаетчија,*** врз основа на Годишниот даночен биланс (***Образец ДЛД –ДБ)*** за 2021 на ***(АОП – 28), Основата за пресметка на придонесите*** на годишно ниво му изнесува **200.000,00** денари.

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| 1. Нето приход (годишен) ***АОП – 28 од (ДЛД-ДБ)*** | 200.000,00 |
| 2. Месеци | 12 |
| 3. Месечна основа за придонеси (1:12 ) | 16.667,00 |
| **4. Најниска месечна основа за придонеси** | **21.755,00** |
| **5. Основа за пресметка на придонеси** | **21.755,00** |
| 6. Придонес за ПИО (21.755 x 18,8%) | 4.090,00 |
| 7. Придонес за здравство (21.755 x 7,5) | 1.632,00 |
| 8. Дополнително здравство (21.755 x 0,5) | 109,00 |
| **9. Вкупно придонеси (6 + 7 + 8)** | **5.831,00** |

***НАПОМЕНА:*** **Бидејки месечната нето основица во висина од 16.667,00 е ПОНИСКА од најниската со закон загарантирана основица во висина од 21,755,00 денари, овој занаетчија ќе пресметува придонеси во висина од 21.755,00 денари, а доколку основицата е ПОВИСОКА од 21.755,00 денари, придонесите ке се пресметуваат во висина на Месечната основица утврдена од (Образецот ДЛД-ДБ), поделено со бројот на месеците).**

### *2.3.3.2. Најниска основица за йридонеси кај самовраболо лице кое врши йрофесионална и друга инлелеклуална услуга*

*(нолари, адвокали, извршилели и дуги)*

**ПРИМЕР: Самостоен вршител на дејност "НОТАР",** врз основа на Годишниот Даночниот биланс *на **АОП 28 (Образец ДЛД – ДБ)*** за 2021 година, има утврдено ***Нето-йриход*** во висина од **1.250.000,00** денари на годишно ниво или месечно во висина од **104.167,00** денари ***(1.250.000 : 12 = 104.167,00):***

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| 1. Нето приход (годишен) ***АОП – 28 (од ДЛД –ДБ)*** | 1.250.000,00 |
| 2. Месеци | 12 |
| 3. Месечна основа за придонеси | 104.167,00 |
| **4. Најниска основа за придонеси** | **41.141,00** |
| **5. Основа за пресметка на придонеси** | **104.167,00** |
| 5. Придонес за ПИО (104.167 x 18,8%) | 19.583,00 |
| 5. Придонес за здравство (104.167 x 7,5%) | 7.813,00 |
| 6. Дополнително здравство (104.167 x 0,5%) | 521,00 |
| 7. **Вкупно придонеси** | **27.917,00** |

***НАПОМЕНА*** **Самостојниот вршител на дејност НОТАР е должен да плати придонеси врз основа на Месечна аконтација на нето приходот, на кој се плаќа данокот на личен доход во износ од 104.167,00 денари, бидејќи овој износ, е ПОГОЛЕМ од најниската основица во висина од 43.309,00 денари. Доколку Месечната аконтација на Нето-приходот изнесуваше пример 20.833,00 денари (250.000 : 12) придонесите се плаќаат на најниската основица во висина од 43.509,00 денари.**

### *2.3.4. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА за пресметка и уплата на придонеси*

Согласно член 16 став (3) од Законот, **НАЈВИСОКА месечна основица** за пресметување и уплата на придонесите за самовработените лица (вршители на економска дејност и вршители на професионални и интелектуални услуги (нотари, адвокати и др.), е износот од ***Дванаесет (12) просечни плати.***

При пресметка на највисоката ***Месечна основица*** за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија, објавена во јануари во тековната година, која за 2022 изнесува:

***522.108,00 денари (12 x 43.509,00)***

**НАПОМЕНА: Доколку месечната аконтација на нето приходот, односно на паушално утврдениот нето приход на кој се плаќа данок е повисок од највисоката основица (522.108,00 денари), тогаш придонеси ќе се плаќаат до наведениот износ**.

**НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката ме-сечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.**

**ПРИМЕР:** Адвокатот "НН", врз основа на Годишниот даночен биланс (***Образец ДЛД – ДБ***) **за 2021 година**, има утврдено нето приход во висина од **9.500.000,00** денари на годишно ниво или месечно во висина од **791.667,00 денари.**

***Пресметката е следната:***

| | |
|---|---|
| 1. Нето приход (годишен) АОП – 28 **(ДЛД - ДБ)** | 9.500.000,00 |
| 2. Месеци | 12 |
| 3. **Месечна основа за придонеси (9.500.000 : 12)** | **791.667,00** |
| **4. Највисока месечна основа за придонеси (43.509 x 12)** | **522.108,00** |
| 5. Придонес за ПИО (522.108 x 18,8%) | 98.156,00 |
| 6. Придонес за здравство (522.108,00 x 7,5%) | 39.158,00 |
| 7. Дополнително здравство (522.108,00 x 0,5) | 2.610,00 |
| **8. Вкупно придонеси** до највисока основица | **139.924,00** |

| | |
|---|---:|
| 9. Намалување на плата за придонеси (3 - 8) | 382.184,00 |
| **10. Даночно намалување за 2022** | **8.788,00** |
| 11. Основа за данок (9 -10) | 373.396,00 |
| **12. Данок на доход (9 x 10%)** | **37.339,00** |
| **13. Нето плата (9 – 12)** | **344.845,00** |

### *2.2.5. Минимална плата кај самостојните вршители на дејност,*

Согласно Законот за Минимална плата ("Службен весник на РСМ" 11/12.....41/22), Одредбите на Законот **не се однесуваат на самовработените лица, туку само на вработените кај самовработеното лице.**

Минимална плата согласно последна измена на Законот за минимална плата, објавена во ("Службен весник на РСМ" .41/22), Минималната плата за период Март-Декември/2022 година, за вработените кај самостојниот вршител на дејност изнесува **18.000,00 денари во НЕТО износ**, односно **26.422,00 денари во БРУТо износ .**

**За овие вработени во поле *3.17б, се внесува:***

- ***Шифра 050*** – **Вработено лице кој самостојно врши дејност** и за истите се пресметуваат придонесите од задолжително социјално осигурување и Данок на личен доход.

### *2.3.6. Паушално утврден нето приход, како основица*

Согласно член 14 од Законот за придонеси, Основица за пресметка на придонеси, кај самовработените лица – паушалисти **претставува месечната аконтација на паушалниот нето приход.**

Согласно член 29 од Законот за ДЛД нето приходот во паушален износ, се утврдува само за обврзник, кој поради определени околности не е во состојба да ги води деловните книги, или на кого нивното водење значително му го отежнува вршењето на дејноста.

Правото на паушално оданочување **се остварува врз основа на поднесено барање до УЈП** и истото неможе да се оствари за обврзник кој врши трговска, угостителска и комисиона дејност (***освен обврзникот кој врши трговска дејност исклучиво преку продажни места на организирани зелени пазари),*** доколку вработува други лица, доколку во неговата дејност вложуваат и други лица и доколку нето доходот во годината која и претходи на годината за која ,се врши утврдување на данокот **е повисок од две годишни просечни бруто плати.**

**ПРИМЕР:** Занаетчија кондураџија “**МС”** има добиено решение за паушално оданочување со данок на доход од УЈП. Паушално Утврден нето приход од УЈП, изнесува 800.000,00 денари.

**800.000 / 12 = 66.667 (Основица за придонеси)**

| | |
|---|---|
| **1. Бруто основица** | **66.667,00** |
| 2. Придонес за ПИО (1 x 18,8%) | 12.533,00 |
| 3. Придонес за здравство (1 x 7,5%) | 5.000,00 |
| 4. Дополнително здравство (1 x 0,5) | 333,00 |
| **5. Вкупно придонеси** до највисока основица | 17.866,00 |

# ДАНОК НА ДОХОД

*дипл.економист Јулија Минковска*

## *ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА МЕСЕЧНИ АКОНТАЦИИ НА ДАНОКОТ НА ДОХОД ОД САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ ВО 2022 ГОДИНА КАЈ САМОСТОЈНИТЕ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ*

***Начинот на пресметка на месечните аконтации на данокот на доход за приходи од вршење на самостојна дејност кои се оданочуваат според вистински доход, се регулирани согласно Законот за данок на личен доход („Службен весник на РМ" 241/18; 275/19; 290/20; 85/21).***

### *ВОВЕД*

**Под доход од самостојна дејност** се смета доходот остварен од стопанска дејност, (*производна, услужна, трговска, угостителска, превозничка и друга слична дејност*), **доходот од давање професионални и други интелектуални услуги**, (*здравствена, стоматолошка, ветеринарна, адвокатска, нотарска, консултантска, сметководствена, ревизорска, проценителска, инженерска, архитектонска, новинарска, спортска, културна и друга интелектуална дејност*). **доходот од земјоделска дејност (***производство, доработка, преработка и пласман на сопствени земјоделски производи, како и одгледување добиток и други стопанско-корисни животни и пласман на нивните производи*), и доходот од други дејности чија крајна цел е остварување доход..

## *1. ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА МЕСЕЧНИ АКОНТАЦИИ НА ДАНОК НА ДОХОД КАЈ САМОСТОЈНИ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ*

### *1.1. Пресметување и плаќање на месечни аконтации на данок на доход за приходите од вршење на самостојна дејност*

Согласно член 90 од Законот за Данок на личен доход, (***во продолжение Законот***), **Обврзниците** на данок на доход од вршење на самостојна дејност кои се оданочуваат според вистински доход, **Месечната аконтација на данокот на доход ја пресметуваат** врз основа на податоците од Годишниот даночен биланс на (***Образецот "ДЛД - ДБ")*, *за претходната година.***

Според тоа вршителите на самостојна дејност **МЕСЕЧНИТЕ АКОНТАЦИИ ЗА ДАНОК НА ДОХОД** во 2022 година, ќе ги плаќаат **во висина од** ***1/12 (една дванаестина***), од износот на Пресметаниот данок искажан **на:**

**Р.бр. VII – (АОП 31) од Годишниот даночен биланс од (Образец ДЛД - ДБ), за 2021 година.**

Со поднесувањето на **ОБРАЗЕЦОТ "ДЛД-ДБ"** ,од страна на Управата за Јавни Приходи (***во продолжение УЈП***), **автоматски се креираат пресметките за конечна даночна обврска по Даночниот биланс 2021 година, и Аконтативните пресметки за плаќање на Месечните аконтации во 2022 година.**

Пресметките може да се прегледат во менито **"АКОНТАТИВНА ПРЕСМЕТКА"** и да се испечати рекапитулација.

Реализацијата на налозите за плаќање на аконтациите во 2022 година треба да се изврши преку ***ОБРАЗЕЦОТ*** **"ПП-53" (Налог од рекапитулација).**

*Налозите за плаќање на Аконтациите на данокот на доход за месеците* ***МАРТ/2022 година, до ДЕКЕМВРИ/2022 година****, и* ***ЈАНУАРИ/2023 година****, се креираат од УЈП во системот е-ПДД со поднесувањето на* ***ОБРАЗЕЦОТ "ДЛД - ДБ" ЗА 2021 година****, како* ***1/12 од АОП - 31 Пресметан данок.***

**НАПОМЕНА: При плаќање на аконтацијата не се доставува посебен ОБРАЗЕЦОТ до УЈП. Пресметаниот износ на месечната аконтација не се зголемува за процентот на Кумулативниот пораст на цените на мало (МДБ), кој се користи при пресметување на месечната аконтација на данокот на добивка.**

### *1.2. Можност за промена на Месечната аконтазија која ја плаќа трговецот поединец и Самосотјниот вршител на дејност*

Согласно член 91 од Законот, доколку условите под кои е утврдена Аконтација на данокот на доход значајно се изменат, обврзникот може да бара промена на Аконтацијата, **односно УЈП може во согласност со новите околности да утвди нова аконтација.**

### *1.3. Плаќање на Годишен данок на доход и Месечни аконтации*

Согласно член 100 од Законот, обврзникот на данокот на доход за доходот остварен од самостојна дејност **е должен РАЗЛИКАТА да ја уплати меѓу уплатената аконтација**, и пресметаниот данок на доход ***во рок од 15 дена*****,** од денот на истекот на рокот за предавање на Годишниот даночен биланс за 2020 година, односно ***до 30.03.2022 година***.

Доколку обврзникот по годишен даночен биланс платил поголем износ на данок, од износот што бил должен да го плати, може од УЈП да бара враќање на повеќе платениот данок или да го користи за пребивање со месечните аконтации за следниот период.

**НАПОМЕНА: Месечните аконтации** на данок на доход се плаќаат ***до 15-ти во тековниот за претходниот месец,*** *за 2022 година, додека* **аконтацијата на данок на доход за ЈАНУАРИ и ФЕВРУАРИ/2023 година, ке се плаќаат во висина на платената аконтација за Декември 2022 година.**

**ПРИМЕР 1**: Самостоен вршител на дејност – Адвокатско биро "НН" во **ОБРАЗЕЦОТ "ДЛД - ДБ" за 2021 година на (АОП – 31)** утврдил обврска за годишен данок во износ од 260.000 денари. Месечната аконтација за **период од Март 2022 до Декември 2023** година ќе изнесува:

**260.000 : 12 = 21.667 денари.**

Налозите за плаќање на аконтациите на данокот на доход за месеците Март до Декември/2022 година, се креираат од УЈП во системот е-ПДД со поднесувањето на Образецот ДЛД-ДБ за 2021 година.

За секоја платена аконтација кај трговците поединци и самостојните вршители на дејност се спроведува следното :

***Книжење:***

| | | |
|---|---|---|
| 810 – Аконтација на персонален данок на доход | 21.667 | |
| 100 – Трансакциска сметка | | 21.667 |
| *(платена месечна аконтација за м. III/2022)* | | |

### *1.4. Утврдување на месечни аконтации за самостојни вршители кои започнале со вршење дејност во 2022 година*

Согласно член 94 став 3 од Законот, самостојните вршители на дејност кои започнуваат да вршат дејност **во тековната година,** месечните аконтации на данок на доход за првата година ги плаќаат **на основица од 50%** од просечна нето плата по работник во РсМ. објавена во јануари во тековната година според Државниот завод за статистика.

Согласно ова одредба самостојните вршители на дејност и трговци поединци кои ќе започнат да вршат дејност во 2022 година, ***имаат обврска секој 15-ти во месецот*** за претходниот месец во 2022 година и за месец јануари 2023 година да плаќаат Месечни аконтации **на основа од 50%** од просечна нето плата по работник во РСМ, објавена во Ј**ануари во тековната година** која според Соопштението на ДЗС бр. 4.1.22.07 од 21.01.2022 година изнесува:

**29.130,00 денари**.

Согласно оваа законска одредба ***самостојните вршители на дејност, трговци поединци*** кои дејноста почнуваат да ја вршат во 2022 година, ***аконтацијата на данокот на доход до крајот на годината***, ќе ја пресметуваат и плаќаат на основица која изнесува:

**14.565,00 денари (29.130 x 50%)**

***ПРИМЕР 2*: ** Самостоен вршител на дејност – Овластен сметководител во месец Јануари 2022 е регистриран за вршење на сметководствени услуги.

Основа за пресметка на месечна аконтација на персонален данок за месец Јануари 2022 година изнесува: **14.565,00 денари. (29.130,00 x 50%).**

Месечната аконтација за персонален данок на доход за месец јануари изнесува :**1.456,00 денари.** (**14.565 x 10% ).**

**НАПОМЕНА: За месеците Јануари - Декември 2022 и месец Јануари 2023 година, ке се плаќа месечна аконтација во износ од 1.456,00 денари, додека за месец февруари 2022 година, основа за пресметка на месечна аконтација ке се утврди во висина од 1/12 од пресметаниот данок на доход на (АОП 31) од "Образецот "ДЛД - ДБ" за 2021 годиона.**

### *1.5. Обврзници кои не се должни да плаќаат месечни аконтации*

Самостојните вршители на дејност кои во ***(Образецот ДЛД - ДБ), за 2021 година на АОП – 31*** не искажале обврска за данок на доход, ***НЕ СЕ ДОЛЖНИ да плаќаат Месечни аконтации за данок на доход ВО ТЕКОТ НА 2022 ГОДИНА.***

Вршителите на дејност кои платиле **поголеми аконтации** од обврската за пресметаниот данок на доход, ***може во 2022 година да не плаќаат Месечни аконтации,*** односно месечната обврска ***да ја пребијат со вишокот платен данок од 2021 година***.

Обврска за плаќање на данок на доход од ***АОП 31 од Образецот "ДЛД - ДБ" за 2021 година*** **НЕМААТ** и вршители на дејност кои се ослободени од плаќање данок на доход по други закони како што е Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и имаат **добиено ПОТВРДА од Агенцијата за вработување за ослободување од плаќање на данок на доход во наредните три години.**

### *1.6. Уплатни сметки за плаќање на месечни аконтации*

Месечните аконтации ***НА ДАНОКОТ НА ДОХОД ОД САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ*** се уплаќаат на истите сметки на кои се плаќа обврската ***за Годишниот данок на доход***.

| | |
|---|---|
| 1. ***Данок на доход на приходи од самостојна дејност*** освен од занаетчиска дејност на следната уплатна сметка: | |
| ***840 - (општина) 01471*** | ***приходна 711118*** |
| 2. ***Данок на доход од физички лица*** кои се занимаваат со занаетчиска дејност на следната сметка: | |
| ***840 – (општина) 01536 и приходна*** | ***711133*** |

***При плаќањето на јавните приходи на уплатната сметка 840-01471 – Приходно конто*** се пополнува зависно од видот на данокот на доход на приходи од самостојна дејност што се плаќа, кое приходно конто произлегува од Правилникот за класификација на приходите објавен во ("Службен весник на РМ' 188/2018; 46/2021).

| ***Приходно конто*** | ***Назив*** |
|---|---|
| **711118** | Данок на приходи од самостојна дејност, освен од занаетчиска, адвокатска нотарска и дејност на **ИЗВРШИТЕЛИ** |
| **711144** | Данок на доход на приходи од вршење на самостојна дејност ***на АДВОКАТИ*** |
| **711145** | Данок на доход на приходи од вршење на самостојна дејност ***на НОТАРИ*** |
| **711146** | Данок на доход на приходи од вршење на самостојна дејност ***на ИЗВРШИТЕЛИ*** |

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*М-р. Христина Игнатоска*

## *ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ*

***Со Закон за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" 52/2010...55/2016) се уредени начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странските организации во РС Македонија, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес.***

### *ВОВЕД*

Правото на слободно здружување се остварува во здруженија, фондаци, сојузи и организациони облици на странски организации за остварување на нивните цели, дејноста и заштита на правата, интереси и уверувања.

Се забранува основање на организации чија програма и нивното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на РС Македонија, како и потикнување на воена агресија и разгорување на национализам, расна и и верска омраза итн.

Одредбите, употребени во законот, не се однесуваат на политичките партии, црквите, верските заедници и религиозните групи, синдикатите, коморите и други видови на здружување уредени со посебни закони.

Две или повеќе организации можат да се здружуваат во сојуз или друга форма на здружување, која може да стекне својство на правно лице, со регистрација во согласност со законот.

Организациите можат да членуваат во меѓународни организации или на друг начин да соработуваат со нив.

Организациите кои се здружуваат во сојуз или друга форма на здружување, со здружувањето не го губат својството на правно лице.

### *1. ПРАВЕН СУБЈЕКТИВИТЕТ И ВРЕМЕ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ*

Организациите се стекнуваат со својство на правно лице со уписот во регистарот, што го води Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Здруженијата и фондациите не можат да се трансформираат во други видови на правни лица.

Ако со актот за основање, односно со статутот на организацијата не е определено времето на траење на организацијата, се смета дека организацијата е основана на неопределено време. Организациите имаат даночни и царински олеснувања во согласност со закон.

### *2. ИМЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА*

Секоја организација регистрирана според одредбите на законот за здруженија и фондации, има име и скратено име, ако тоа е предвидено со статутот и е запишано во Регистарот.

Името и скратеното име на организацијата, јасно се разликуваат од имињата на другите организации, кои се запишани во Регистарот.

Во името на:

- здружението е содржан зборот здружение или друг израз со слично значење, определен со статутот на здружението,
- сојузот е содржан зборот сојуз или друг израз со слично значење определен со статутот на сојузот и
- фондацијата е содржан зборот фондација или друг израз со слично значење, определен со статутот на фондацијата.

За прашањата за името кои не се уредени со законот се применуваат одредбите од законот, со кој се уредува име на фирма на трговско друштво.

### 2.1. Употреба на зборот "Македонија" или име на единица на локалната самоуправа

Зборот ,,Македонија" и зборовите изведени од него, како и неговите кратенки, може да се содржани во името на организацијата, само со одобрение на Министерството за правда.

Ако во името на организацијата се содржани зборови со името на општината, односно градот Скопје, одобрение дава надлежниот орган на општината, на општините во градот Скопје и градот Скопје.

## 3. ЗДРУЖЕНИЈА

Здружение можат да основаат физички и правни лица. Здружение можат да основаат најмалку пет основачи од кои тројца од основачите, мора да имаат живеалиште или престојувалиште, односно седиште на територијата на Република Северна Македонија.

Здружение на граѓани може да основаат малолетни лица со навршена 15 годишна возраст, преку изјава за согласност за основање на здружение од нивниот законски застапник, за целите за кои се основа здружението во согласност со закон.

### 3.1. Основање

Здружението се основа на основачко собрание. На основачкото собрание се донесува акт за основање, програма, статут и се избираат органите на здружението.

Актот за основање на здружението содржи:

- име, седиште и адреса на здружението,
- име, адреса или седиште и единствен матичен број на основачите на здружението и
- цели на здружението.

Актот за основање или негов дел може да се менува, ако за тоа има изречено волја на основачите додека трае процесот на регистрација.

Здружението има статут. Со статутот на здружението се уредуваат:

- името и седиштето,
- целите на здружението,
- дејностите со кои се остваруваат целите,

- начинот на одлучување за зачленување, исклучување и престанок на членувањето во здружението,
- правата, обврските и одговорностите на членовите,
- видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување, траење на мандатот на членовите во органите и начинот на одлучување,
- застапувањето по закон,
- начинот на стекнување и располагање со средствата,
- начинот на донесување на финансиски и други извештаи,
- начинот на остварување на јавност и отчетност во работата,
- начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот,
- начинот на одлучување за статусни промени и престанок на здружението,
- начинот на донесување на планови и програми,
- постапувањето со средствата и/или имотот во случај на престанок на здружението и
- други прашања утврдени со закон.

Со статутот на здружението можат да се уредат и:
- знакот и симболот на здружението,
- внатрешните организациони форми (подружници, ограноци и слично), ако ги има,
- начинот на донесување на другите акти,
- судир на интереси,
- начин на разрешување на спорни прашања и
- други прашања од значење за работата на здружението.

### *3.2. Членување во здружение*

Членувањето во здружението е доброволно. Основачите се членови на здружението со еднакви права и одговорности, како и другите членови на здружението.

Физичко лице може да биде член на здружението независно од неговата возраст во согласност со статутот. Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во здружението со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата во согласност со законот.

Лицата со ограничена деловна способност или лицата на кои им е одземена деловната способност можат да бидат членови на здружението со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата во согласност со законот.

### *3.3. Регистар на членови*

Здружението води регистар на членови и евиденција на членовите на органите. Податоците се ажурираат најмалку еднаш на две години. Здруженијата ја гарантираат анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побарале.

Податоците за членовите се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

### *3.4. Управување на здружението*

Со здружението управуваат членовите непосредно или преку избраните претставници во органите на здружението.

Собранието е највисок орган на здружението и го сочинуваат сите членови.

Со статутот може да се определи начинот на претставување на членовите на здружението во собранието на здружението, преку свои избрани претставници.

Собранието:

- донесува статут, програма и други акти,
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница,
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа,
- одлучува за промена на целта на здружението,
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на здружението,
- избира и разрешува членови на органите,
- одлучува за статусните измени на здружението,

- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на здружението и
- врши и други работи во согласност со статутот и актите на здружението.

## *4. ФОНДАЦИИ*

Фондацијата, согласно член 27 од законот, е правно лице формирана за остварување на цел со стекнување и управување на имот и средства во согласност со законот.

Фондацијата се основа со имотна маса, која изнесува најмалку 10.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на РС Македонија, изразена во пари, хартии од вредност или друг имот на денот на поднесувањето на актот за запишување во Регистарот.

Ако регистрацијата на фондацијата е утврдена со тестамент, а таа не е регистрирана во рок од 60 дена, имотната маса се распределува согласно со закон.

Фондацијата ја основаат еден или повеќе основачи. Како основачи на фондацијата можат да се јават физички и правни лица. Фондацијата се основа со акт за основање или како последна волја изјавена со тестамент или легат.

Актот за основање на фондацијата содржи:

- име и седиштe на фондацијата,
- име, адреса или седиште и единствен матичен број на граѓанинот или единствен матичен број на основачот на фондацијата,
- цели на фондацијата и
- висина на имотната маса со која се основа фондацијата изразена во пари за секој основач одделно.

Актот за основање може да содржи и други одредби за основање и дејствување на фондацијата, како и за правото на основачот да одлучува за промена на целта, името, начинот на донесување изменување и дополнување на статутот и престанокот на фондацијата.

Актот за основање се потпишува од основачите.

Согласно член 30 од законот, начинот на учеството на основачот во управувањето со фондацијата, се уредуваат со статутот на фондацијата.

Со статутот се уредуваат:

- името и седиштето на фондацијата,
- целите на фондацијата,
- дејноста со која се остваруваат целите на фондацијата,
- внатрешната организација, видот и составот на органите, надлежностите, начинот на избор и разрешување на членовите на органите, траење на мандатот на членовите на органите и начинот на одлучување,
- законското застапување,
- начин на стекнување и располагање со средствата,
- начин за донесување на деловни, финансиски и други извештаи,
- начинот на остварување на јавност и транспарентност во работата,
- начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот,
- начинот на одлучување за статусни измени и престанок на фондацијата,
- постапувањето со средствата на фондацијата во случај на престанок на фондацијата,
- начинот на донесување на планови и програми и
- други прашања утврдени со закон.

Со статутот на фондацијата може да се уреди и:

- знакот и симболот на фондацијата,
- внатрешните организациони форми на фондацијата (подружници, ограноци и слично), ако ги има фондацијата,
- начинот на донесување на другите акти,
- судирот на интереси и
- други прашања од значење за работа и начин на разрешување на спорни прашања на фондацијата.

Статутот е составен и одобрен во согласност со основачите, ако со актот за основање поинаку не е определено. Ако фондацијата е основана со изјава согласно законот, статутот го составува извршителот на тестаментот, односно легатот, освен ако со последната изјава на волја поинаку не е утврдено.

### 4.1. Органи на фондацијата

Фондацијата има одбор и директор. Одборот е највисок орган на управување на фондацијата. Основачот при основањето на фондацијата го именува одборот на фондацијата, освен ако со актот за основање или статутот поинаку не е определено.

Одборот на фондацијата, работи на начин утврден со статутот на фондацијата.

Одборот на фондацијата:

- донесува статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница,
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија, однос-но буџетите на единиците на локалната самоуправа,
- одлучува за промена на целта на фондацијата,
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на фондацијата,
- избира и разрешува членови на органите,
- одлучува за статусни измени на фондацијата,
- одлучува за престанок на фондацијата и
- врши и други работи во согласност со статутот и актите на фондацијата.

### 4.2. Раководење со фондацијата

Со фондацијата раководи директор. Фондацијата може да има еден или повеќе директори, овластени за застапување на фондацијата, избрани на начин утврден со статутот. Директор може да биде деловно способно физичко лице, кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија.

Директорот своите права, обврски и одговорности ги врши во согласност со законот, статутот и актите на фондацијата.

***5. РЕГИСТАР***

Регистарот се води како:

- регистар на здруженија и регистар на сојузи,
- регистар на фондации и
- регистар на организациони облици на странските организации.

Регистрите се водат во пишан облик и како единствена централна електронска база на податоци, кои се објавуваат на веб страницата на Регистарот и се запишуваат во Регистарот на други правни лица.

Формата, содржината и начинот на запишување и водење на регистрите ги пропишува министерот за правда.

Во регистрите се запишуваат:

- полното име на организацијата и скратеното име, ако го има,
- седиштето,
- актот за основање,
- датум на основање,
- име, презиме и единствен матичен број на граѓанинот и единствен матичен број на основачите,
- датум на донесување, односно изменување и дополнување на статутот,
- предвиденото време за кое организацијата се основа,
- цели и дејности,
- име, презиме и единствен матичен број на застапникот по закон,
- податоци за организациски единици (подружници, канцеларија и слично),
- податоци за статус на организација од јавен интерес,
- податоци за статусните измени,
- податоци за стечај и ликвидација,
- забелешка за започнување постапка за забрана на вршење на дејност,
- престанок на работа и
- број и датум на решение за запишување, за промена на податоци и решение за бришење на уписот во соодветниот регистар

За фондациите, се запишува и почетната имотна маса.

За организационите облици на странските организации се запишува и:

- државата во која е регистрирана странската организација и седиштето на организацијата во таа држава и
- името на организациската форма и вид на странската организација, согласно со прописите на државата, во која е регистрирана странската организација.

За организациите со статус од јавен интерес, се запишуваат името, презимето и единствениот матичен број на членовите на органот за надзор.

## *5. ПРЕСТАНОК И ЗАБРАНА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА*

Организацијата престанува да постои ако е:

- донесена одлука за престанок на постоење, во согласност со статутот,
- поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на највисокиот орган, утврден со статутот, а таа не е одржана,
- во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон,
- истечено е времето определено со статутот, кога основањето на организацијата е за определено време,
- статусна измена, која предвидува престанок на постоењето,
- донесена одлука на надлежен суд,
- стечај и
- спроведена ликвидација.

Организацијата може да престане и ако бројот на членовите на организацијата се намали под бројот определен за основање.

### *5.1. Постапка за престанок на организацијата*

Одлука за престанок на организацијата донесува надлежниот суд на предлог на застапникот по закон, членовите на органите или членовите, во случаите кога не е донесена одлука за престанок на постоење од органот определен со статутот.

Постапката за престанок на организацијата пред надлежниот суд се води според одредбите на Законот за парничната постапка. За престанокот на организацијата, судот по службена должност го известува Регистарот.

*5.2. Забрана на работа на организацијата*

Се забранува работата на организацијата, ако:

- нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија,
- поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост,
- активности поврзани со тероризам,
- презема активности кои се спротивни на Уставот или закон и
- се повредуваат слободите и правата на други лица.

*5.3. Поведување постапка за забрана на работата на организациите*

Секој може да поднесе иницијатива за забрана на работата на организациите, пред надлежниот јавен обвинител. Ако надлежниот основен јавен обвинител според седиштето на организацијата по службена должност или по поднесената иницијатива оцени дека постојат причини за забрана на работата на организацијата во согласност со законот, ќе поднесе предлог до надлежниот суд. Постапката за забрана е итна.

*5.4. Ликвидација*

Ликвидација на организација се спроведува кога организацијата има доволно финансиски средства за покривање на своите обврски, а е донесена одлука (акт) за престанок на постоење од органот определен со статутот. За прашањата за постапка на ликвидација, кои не се уредени со законот се применуваат одредбите од законот со кој се уредуваат праша-ња за ликвидација на трговски друштва.

Постапката за ликвидација е итна.

*5.5. Скратена постапка за ликвидација*

Организацијата може да престане по скратена постапка за ликвидација, ако по донесувањето на одлуката за престанок на постоење од органот определен со статутот, повеќето членови на собранието или застапниците на фондацијата и на странската организација, поднесат до Регистарот заверена

изјава согласно со закон, дека се намирени сите обврски кон доверителите и кон вработените во организацијата.

Лицата одговараат солидарно за обврските на организацијата во рок од три години од денот на бришење од Регистарот.

Организацијата која престанува по скратена постапка се брише од Регистарот, а се впишуваат имињата и живеалиштето, односно седиштето на лицата, со назнака за нивната солидарна одговорност за обврските на организацијата.

### *5.6. Бришење од Регистарот*

Организацијата се брише од Регистарот, врз основа на завршена ликвидација или стечај. Со бришење од Регистарот, организацијата престанува да постои како правно лице.

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

дипл.економист Јулија Минковска

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ МАРТ 2022 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2022 година (за даноци и придонеси)* | *43.509,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата, исплатена во РМ за 2022 година, за образец (МПИН)* | *21.755,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси (16 просечни бруто плати - (16 x 43.509)* | *696.144,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2022 година* | *8.788,00* |
| *Дневница за службени патувања од 23.03.2022* | *2.375,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2021 година* | *28.718,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2021 година* | *42.887,00* |

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2022 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за *2022* година, изнесува:

***43.509,00 денари.***

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2022 година.***

## 2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ

### 2.1. Најниска основица за вработени лица

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08 ... 171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2022* година, изнесува:**

| |
|---|
| ***21.755,00 денари (43.509,00 x 50%).*** |

### 2.2. Најниска основица за самовработени лица

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)***<br>***21.755,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*)**<br>***43.509,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:***<br>***21.755,00 денари.*** |

## 3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ

### 3.1. Највисока основица за вработени лица

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ ***за 2022 година***, изнесува:

***696.144,00 денари (16 x 43.509,00 денари).***

### *3.2. Највисока основица за самовработени лица*

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

***522.108,00 денари (12 x 43.509,00 денари)***

### *3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво*

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2022 година**, изнесува.

***696.144,00 денари (16 x 43.509,00 денари***

### *3.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност*

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

***34.807,00 денари (43.509,00 денари x 80%).***

***НАПОМЕНА: На износот, повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, додека на разликата над највисоката основица се пресметува Данок на личн доход.***

## *4. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ*

| ПРИДОНЕСИ | Стапка | Најнизок износ | Највисок износ |
|---|---|---|---|
| Придонес за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***МАРТ/2022 година,*** по вработен | 18,8% | *4.090,00* | *130.875,00* |
| Придонес за здравствено осигурување за месец ***МАРТ/2022 година***, по вработен | 7,5% | *1.632,00* | *52.210,00* |
| Придонес за вработување за месец ***МАРТ/2022 година***, по вработен | 1,2% | *261,00* | *8.354,00* |
| Придонес за професионално заболување за месец МАРТ / ***2022 година,*** по вработен. | 0,5% | *109,00* | *3.48100* |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | **28%** | *6.092,00* | *194.920,00* |

## *5. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 11/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 239/19; 41/22), висината на минималната плата во Република Македонија:

| Р.бр | Период на важност | Нето | Бруто | Сл. Весник на РСМ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 01.01.2020 – 31.03.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 239/2019 Закон |
| 2. | 01.04.2020 – 30.06.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 88/2020 Уредба |
| 2. | 01.07.2020 – 31.03.2021 | 14.934,00 | 21.776,00 | 75/2020 Објава |
| 3. | 01.04.2021 – 31.03.2022 | 15.194,00 | 22.146,00 | 80/2021 Објава |
| 4. | 01.03.2022 – 28.02.2023 | 18.000,00 | 26.422,00 | 41/2022 Закон |

# *6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

### *6.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2022 до 31.12.2022 година)*

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20, 85/21), данокот на личен доход за доход од работа, се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### *6.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2022*** година, на месечно и годишно ниво, изнесува:

| ***Период*** | ***2022 година*** |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***8.788,00*** |
| ***Годишно*** | ***105.456,00 (8.788 x 12)*** |

# *7. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец **ЈАНУАРИ/***2022* година во однос на месец ***ДЕКЕМВРИ/2021*** година ***се ПОВИСОКИ за (1,5%).***

2. Право на пораст на платите за месец ***ЈАНУАРИ/2022*** во однос на месец ***ДЕКЕМВРИ/2021*** *година*, изнесува ***(0,75%).***

## *8. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за месец ***МАРТ/****2022* година, изнесуваат:

***184 часа.***

## *9. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ЗА 2022 година*

***9.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец (I), а се однесува за месец МАРТ/2022 година, изнесува:***

***44.762,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр****. 4.1.22.27 од 23.03.2022).***

***9.2. Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (XI-XII-I/21/22 година),*** а се однесува месец ***МАРТ****/2022 година изнесува:*

***44.335,00 денари,***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.27 од 23.03.2022).***

## *10. ПРОСЕЧНА НЕТО ПЛАТА ЗА 2022 година*

***10.1. Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за месец (I), а се однесува за месец МАРТ/2022 година, изнесува:***

***29.980,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр****. 4.1.22.26 од 23.03.2022).***

***10.2. Просечна исплатена месечна НЕТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (XI-XII-I/21/22 година),*** а се однесува месец ***МАРТ/2022 година изнесува:***

***29.690,00 денари,***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.26 од 23.03.2022).***

## *11. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

***11.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал***

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(I), а се однесува за месец МАРТ/2022 година*** изнесува:

***29.980,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.26 од 23.03.2022).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***ОСНОВИЦАТА од 29.980,00 денари:***

**За ОПШТЕСТВЕНИ правни лица**

| |
|---|
| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР**<br>***17.988,00 денари***<br>**(60% од основицата )**<br>***(29.980,00 x 60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА**<br>***59.960,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата)**<br>***(2 x 29.980,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 59.960,00 денари*** |

**ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО**
***17.988,00 денари***
***(60% од основицата)***
***(29.980 x 60%)***
***Ослободен од Данок на личен доход до 17.988,00 денари.***

### *11.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР*

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(XI-XII-I/21/22 година),*** а се однесува за месец ***МАРТ/2022 година, изнесува:***

***29.690,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.26 од 23.03.2022).***

Износот ***29.690,00 денари,*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за** ***ПРИВАТНИ правни лица:***

***<u>РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР</u>***

**Регрес за годишен одмор (**Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од ***најмалку 40%*** од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година, кај ист работодавач):

- ***НАЈНИЗОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец МАРТ/2022 година изнесува:***
  ***11.876,00 денари во НЕТО износ***
  ***(29.690,00 x 40%)***

***<u>Согласно колективен договор на ниво на дејност или КД на ниво на работодавач може да се утврди регрес во поголем износ од износот согласно ОКДПСОС.</u>***

***ДАНОЧНО ПРИЗНАТ РАСХОД ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС***
***35.809,00 денари***
***(44.762,00 x 80%)***

(***80% од просечна месечна БРУТО плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)***

***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

| |
|---|
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА***<br>***59.380,00 денари***<br>***(двократен износ од основицата (2 x 29.690)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 59.380,00 денари*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА***<br>***29.690,00 денари***<br>***(во висина на основицата), за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка 11,1111%*** |
| ***ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО***<br>***17.814,00 денари***<br>**60% од основицата – ( 60% од *29.690,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 17.814,00 денари.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***<br>***2.375,00 денари***<br>**- 8% од основицата (8% од *29.690,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 2.375,00 денари.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО***<br>➢ ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;<br>➢ ***20% од утврдената дневница,*** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и<br>➢ ***5% од утврдената дневница,*** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа. |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК***<br>***89.070,00 денари***<br>***во висина од ТРИ основици (3 x 29.690,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 89.070,00 денари.*** |

| |
|---|
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***<br>***59.380,00 денари***<br>***во висина од ДВЕ основици (2 x 29.690,00 денари)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 59.380,00 денари.*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ***<br>***29.690,00 денари***<br>***(во висина на основицата)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 29.690,00 денари.*** |
| ***КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО***<br>***ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ***<br>**(во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).<br>***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.*** |
| ***НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН***<br>***ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ***<br>***(во висина на стварни трошоци)***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| ***ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА 2022***<br>***5.744,00 денари***<br>(во висина од *20%* од просечна нето плата, исплатена во претходната 2021 година *(28.718,00 x 20%)*<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход НАД 5.744,00 денари.*** |
